# НАЦРТ НА ЗАКОН ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

**Член 1**

**Предмет на законот**

Со овој закон се уредуваат условите и системот на просторно планирање, видовите просторна планска докуметација, постапката за изработување и донесување на истата, спроведување и следењето на состојбите во просторот и работата на системот за просторни информации како други прашања од областа на просторното планирање.

**Целта на системот за планирање на просторот**

**Член 2**

Изработувањето, донесувањето и спроведувањето на докуметите за планирање на просторот, е работа од јавен интерес.

**Член 3**

Со просторното планирање се обезбедуваат услови за користење (управување), заштита и управување со просторот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: државата) како особено вредно и ограничено национално богатство, а со тоа и предусловите за социјален и економски развој, еколошки и се реализира заштита на природата и одржливо искористување на природните и културните добра.

**Член 4**
**Значење на поими и изрази**

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **База на податоци** е секој препознатлив и организиран збир на податоци кои се релевантни за просторното планирање.
2. **Град** е населено место што е со закон утврдено како град, чиишто граници се уредени со генерален урбанистички план; град е урбана населба која е стопански, социјален и културен центар на пошироко подрачје и има статус на град, добиен според прописите со кои се уредува локалната самоуправа. Има културно-историски, урбанистички и архитектонски карактеристики кои го разликуваат од другите населени места и извршува повеќе функции.
3. **Градежно подрачје** е земјиште врз кое се изградени населените места и земјиштето во планските опфати на урбанистичките планови на кое му е утврден статусот на градежно земјиште.

4. **Граница на плански опфат** е планска одредба во урбанистички план во форма на линиски графички симбол кој ја ограничува површината на планскиот опфат и во чиишто рамки се спроведува урбанистичкиот план.
5. **Државниот просторен поредок** во просторното планирање се однесува на овластувањата и спроведувањето на процесот на просторно планирање.
6. **Инфраструктура** се сите инфраструктурни градби: постојни и планирани, подземни и надземни градби и инсталации, водови, објекти и други видови технички инсталации, копнена, водена или воздушна сообраќајна инфраструктура, електроенергетски водови, продуктоводи (гасоводи, нафтоводи, топловоди), телекомуникациска инфраструктура, водоводни и канализациони системи и други.
7. **Екосистемски услуги** се придобивки кои се движат од природата кон луѓето. Тие обезбедуваат (на пример, обезбедување на храна, чист воздух и вода и други материјали), регулираат (на пример, водата и климатските регулации, синџирот на исхрана, опрашување или создавање на плодни почви) или културни (на пример, можности за рекреација или инспирација која ја добиваме од природата). Природните екосистеми се мултифункционални и тие обезбедуваат цел спектар на услуги едновремено. Обемот и движењето на овие придобивки зависат од биодиверзитетот и условите на животната средина.
8. **Еколошка мрежа** е систем од природни полуприродни подрачја, јадра на значајни видови и живеалишта, меѓусебно поврзани со коридори.
9. **Зелена инфраструктура** е стратешки планирана мрежа на природни и полуприродни подрачја, која со другите карактеристики на животната средина е обликувана да управува и испорача широк спектар на екосистемски услуги како прочистување на водата, квалитетот на воздухот, простори за рекреација и прилагодување на климатските промени. Оваа мрежа на зелени (земјиште) и плави (вода) простори може да ги подобри условите на животната средина и оттука здравјето на граѓаните, и квалитетот на животот. Таа исто така ја поддржува зелената економија, создава можности за вработување и го зајакнува биодиверзитетот. Мрежата Натура 2000 го сочинува костурот на ЕУ зелената инфраструктура. Европската Комисија разви Стратегија за зелената инфраструктура која има за цел да обезбеди заштита, обнова, создавање и зајакнување на зелената инфраструктура и да стане составен дел на просторното планирање и територијалниот развој.
10. **Зелениот систем** е систем за заштита и развој на зелените површини во градови, населби и други изградени простори. Намената на овој систем е да обезбеди висококвалитетна животна средина за луѓето и да ги реализира социјалните, еколошките, климатските, економските, културните, структурните и дизајнерските функции и да обезбеди заштита и услови за опстанок на биолошката разновидност во антропогени предели. Зелениот систем вклучува, меѓу другото: паркови, детски и други отворени спортски терени, површини за урбано градинарство, зелени површини, авении, дрвја, урбани и приградски шуми во урбани и периурбаниот простор, но и во поширокиот простор.
11. **Зафат во просторот** е секоја градба на објект, реконструкција на постојна градба и секое друго времено или трајно делување во просторот со кое се уредува или се менува состојбата во просторот.
12. **Јавен интерес** се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавен интерес.

13. **Јавни услуги** се дејности која ја вршат установите во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита, инвалидската заштита, како и во други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга.
14. **Мислења** се управни акти со кои органите за планирање на просторот утврдуваат дали нивните насоки или прописи од нивната област на работа се земени предвид при подготовката на просторните акти и нивното спроведување.
15. **Населено место** е изграден, функционално обединет простор на кој се обезбедени условите за живот и работа на луѓето и за задоволување на поединечните, заедничките и општите потреби на жителите и на заедницата, согласно со закон.
16. **Насоки** се акти во кои органите за планирање на просторот ги прецизираат одредбите од прописите и другите акти од својата област на работа за потребите на подготовката на просторните акти и за реализација на просторно планските решенија.
17. **Органи надлежни за планирање на** простор се органите на државната управа и органите на единиците на локалната самоуправа кои согласно со овој или друг закон се овластени да донесуваат прописи и други акти за спроведување на овој или друг закон;
18. **Плански опфат** е подрачје што за кое се изработува просторен план, чии граници и начин на уредување и користење се утврдуваат со планот, кое може да биде интегрално или составено од повеќе одделни подрачја обележени со граница на планскиот опфат.
19. **Површина со јавна намена** е секоја површина чие користење е наменето за сите под еднакви услови.
20. **Простор** е состав на физички структури што се простира на, над и под земјината површина, до кои досегаат или можат да досегнат влијанијата на човечките активности и дејности, а се предмет на просторното и урбанистичкото планирање.
21. **Пејзаж** е област онака како што ја перципираат луѓето и има препознатливи природни, културни или населени карактеристики, кои се резултат на дејството и взаемното влијание на природата и човекот. Пејзажот е препознаен како природен, културен/антропоген и урбан.
22. **Предел** е просторен/територијален систем, со единствен структурен и функционален идентитет, а се состои од карактеристичен мозаик на историски настанати екосистеми, зависни меѓусебно и од физичката средина околу нив.
23. **Податоци од приказот на состојбата на просторот** се податоци за фактичката и правната состојба на просторот.
24. **Просторни показатели и стандарди** се збир на услови за заштита, уредување и користење на просторот кои се применуваат во изработката на просторните планови.
25. **Правен режим** е јавно правно ограничување во просторот кое ги определува или директно влијае на планираните намени и користење на просторот и регулативата за спроведување на просторно планските решенија и насоки, а која е наменета за заштита на јавниот интерес во областа на зачувувањето на природата, заштитата на културното наследство, заштитата на животната средина и природни добра и ресурси, заштита на земјоделско земјиште, заштита на шумите, управување со водите, заштита на здравјето на луѓето, одбрана на

земјата и заштита од природни и други непогоди и заштита на економската и јавната инфраструктура;

26. **Просторниот развој** е насока на човековите активности и промената на просторот поради развојни и конзерваторски интереси.
27. **Просторно информациски систем** е база на податоци, потребни за изработка и следење на спроведувањето на просторните планови и организира (оформува) просторно информациски систем.
28. **Плански развоен регион** е функционална територијална целина, која се определува во согласност со прописите со кои се уредува кохерентен регионален развој.
29. **Планирање на просторот** е изработување и донесување на следната планска документација: Просторен план, решение и услови за планирање на простор.
30. **Просторен план** е план за намена и користење на просторот на територијата на Републиката,
31. **Учесници** во планирањето на просторот се одговорните за просторното планирање, органите на управата и организациите, стручните и интересните здруженија и пошироката јавност, кои учествуваат во постапките за донесување просторни планови и други одлуки во просторот и кои се засегнати со овие одлуки.
32. **Урбан развој** е насока и планирање на развојот на градовите, населбите, други урбани населби и пошироките урбани средини и другите населби.

## НАЧЕЛА НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

### Член 5

### Начело на одржлив просторен развој

(1) Просторното планирање промовира одржлив развој во просторот, кој, имајќи ги во вид целите на просторното планирање и следењето на состојбата на/во просторот, овозможува задоволување на потребите на сегашната генерација, а во исто време не го загрозува задоволувањето на потребите на идните генерации.

(2) Одржливиот просторен развој обезбедува рационално и ефикасно користење на земјиштето и координирано и комплементарно поставување на активностите во просторот.

(3) Одржливиот просторен развој се обезбедува со избирање од развојните опции кои се најдобри за остварување на развојните интереси, за одржување на квалитетен простор за живеење и други интереси за заштита на природните ресурси и добра.

### Член 6

### Начело на идентитет на просторот

При уредувањето на просторот се води сметка за препознавање, зачувување и зацврстување на природни и изградени компоненти кои го одредуваат идентитетот на просторот поради посебните географски, културно-историски, социјални, економски и други услови на развој.

**Член 7**

**Начело на насочување на населувањето**

Насочувањето на населување се врши преку рационално користење на просторот, создавање услови за висококвалитетна и здрава животна средина, рамномерна распределба на површините за живеење и извршување на социјални, услужни, производствени и слободни активности, ефективен и еднаков пристап на населението до стоки, услови за економски развој и достапност на работни места, услови за изградба и работа на јавната инфраструктура и со зачувување на идентитетот на областа.

**Член 8**

**Начело на усогласување на интересите**

(1) При уредувањето на просторот потребно е внимателно да се одмерат и меѓусебно да се координираат различните интереси во просторот.

(2) Координацијата на интересите се одвива на начин со кој ќе се постигне одржлив просторен развој во однос на достапноста и квалитетот на просторните капацитети за поединечни активности, земајќи го предвид постојниот квалитет на природните и создадените компоненти и овозможувајќи создавање на нови.

(3) Координацијата на интересите се одвива преку одговорна соработка меѓу учесниците во планирањето на просторот, меѓу интересите за развој и заштита, и меѓу државата и општините.

(4) При планирањето на просторот, надлежните државни и општински органи, покрај јавниот интерес го земаат предвид и приватниот интерес и се залагаат за заемно прифатливо решение, при што во случај на потенцијален судир, јавниот интерес има приоритет над приватниот интерес.

(5) Лицата кои индиректно или непосредно вршат општински или државни овластувања во просторното планирање се должни да избегнуваат околности во кои нивниот приватен интерес влијае врз непристрасно и објективно извршување на нивните задачи и да отстапуваат во согласност со одредбите од прописот со кој се уредува интегритетот и спречувањето на корупцијата.

**Член 9**

**Начело на стручност**

Одлуките за уредување на просторот мора да се засноваат на професионални стандарди, заклучоци и анализи на својствата и можностите на просторот. При нивната подготовка, неопходно е да се обезбеди учество на интердисциплинарност на експерти во областите кои се предмет на разгледување.

**Член 10**

**Начело на учество на јавноста**

(1) Надлежните органи мора да и овозможат на јавноста да учествува во одлучувањето и донесувањето на просторни акти на начин што на јавноста и се овозможува рано и ефективно учество.

(2) Секој има право на увид во просторните документи и сета документација поврзана со нивното изготвување и донесување во согласност со овој закон и законот со кој се уредува пристапот до информации од јавен карактер.

(3) Надлежните органи ја информираат јавноста за постапките за подготовка и изменување на просторните акти на начин што ќе се овозможи нивно навремено и соодветно суштинско разгледување.

(4) Секој има право да поднесува иницијативи, предлози, забелешки и мислења за просторните акти за кои органот мора да одлучува во процесот на нивното подготвување и за тоа да ја информира јавноста.

(5) Јавноста се информирана и може да ги прегледа постапките за подготовка на просторни акти преку просторно информацискиот систем, но тоа може да го прави и на други начини, доколку тоа е определено со овој закон.

**Член 11**

**Начело на економичност на постапката**

Јавниот орган е должен да ја спроведе управната постапка со почитување на правата и правните интереси на странките на: наједноставен, брз финансиски необременувачки и ефективен начин.

**Член 12**

**Начело на хоризонтална и вертикална интеграција**

(1) При изработката и донесувањето на развојни документи (стратегијата и просторните планови) и другите акти кои имаат влијание на просторот мора да се почитува начелото на интегрален пристап (хоризонтална и вертикална интеграција) во просторното планирање, заради постигнување на урамнотежена просторна одржливост во користење на природните добра, заштита на животната средина и природата како и на развојот на дејностите и инфраструктурата и нивното разместување во просторот.

(2) При утврдувањето на појдовните основи и донесување на просторните планови со кои се влијае на просторот и развојот, Државата и единиците на локалната самоуправа како и другите јавни институции се должни меѓусебно да соработуваат и да ги уважуваат целите и интересите на развојот во просторот.

## ГЛАВЕН ДЕЛ

**Член 13**

**Општи правила и принципи за уредување и користење на просторот**

Координацијата на интересите се одвива со обезбедување транспарентност и отвореност на процесот и учество на загенатите страни

При организирањето на просторот, Државата, општините и другите учесници мора да соработуваат и координираат во рамките на нивната организација и надлежност.

За остварување на целите на просторното планирање, државата мора да обезбеди соработка и координација меѓу одделенијата и областите од интерес во рамките на својата организација.

Координацијата на интересите се одвива на начин да се постигне одржлив просторен развој според потребите на општеството, достапноста и квалитетот на просторниот потенцијал за одредени активности и да се земат предвид постоечките квалитети на природните и создадените компоненти.

Планирањето, уредувањето и користењето на просторот се заснова на следниве принципи:

1) одржлив развој преку интегрален пристап во планирањето;

2) единствен територијален развој;

3) рационално користење на земјиштето преку поттикнување мерки на урбана и рурална обнова и реконструкција;

4) рационално и одржливо користење на необновливите ресурси и оптимално користење на обновливите ресурси;

5) заштита и одржливо користење на природните добра и недвижните културни добра;

6) спречување на техничко-технолошки несреќи, заштита од пожар и експлозии, заштита од елементарни непогоди, отстранување на причините кои предизвикуваат климатски промени;

7) планирање и уредување на простор за потребите на одбраната на земјата;

8) усогласеност со европските прописи и стандарди од областа на планирањето и просторното планирање;

9) подобрувања и употреба на информатички технологии кои придонесуваат за подобра ефикасност и економичност на работата на јавната администрација во градежните работи;

10) учество на јавноста;

11) зачувување на обичаите и традициите;

12) зачувување на специфичноста на пределот;

13) хоризонтална и вертикална координација.

(1) Одржливиот развој од став 1 точка 1 на овој член претставува усогласување на економските, социјалните и еколошките аспекти на развојот, рационално користење на необновливите ресурси и обезбедување услови за поголемо искористување на обновливите ресурси, што овозможува сегашните и идните генерации да ги исполнат нивните потреби и подобрување на квалитетот на животот.

(2) Хоризонталната координација од став 1 точка 13 на овој член, подразбира поврзување со соседните територии при планирањето заради решавање на заедничките функции и интереси,

како и поврзување и учество на сите учесници во просторниот развој на јавниот и граѓанскиот сектор и граѓаните.

(3) Вертикалната координација од став 1 точка 13 на овој член подразбира воспоставување на поврзување на сите нивоа на просторно и урбанистичко планирање и просторно планирање, од национално до регионално и понатаму на локално ниво, како и информирање, соработка и координација. помеѓу локалните иницијативи, планови и проекти со регионалните и државните планови и акции. (4) Во процесот на изработка на просторен план и планирање на просторот се земаат во вид карактеристиките и вредностите на животната средина и природните ресурси и се проценуваат влијанијата на предвидените активности и развојни програми врз животната средина.

(5) Во фазата на Нацрт план на просторен план се пристапува кон Оцена на влијанието на планските решенија врз животната средина според Законот за животна средина и соодветните подзаконски акти.

**Член 14**

**Преовладување на јавниот интерес**

(1) Доколку во процесот на подготовка на акти за спроведување на планските решенија, и покрај координацијата меѓу државните органи надлежни за уредување на просторот, не е можно да се создаде професионално прифатливо и соодветно решение, во краен случај институтот доминација на една јавен интерес може да се користи над друг јавен интерес (во натамошниот текст: преовладување на јавниот интерес

(2) Правилото за донесувањето одлуки кои се значајни за јавен интерес може да се користи ако:

- се работи за итни причини за остварување јавен интерес, утврдена со закон или друг државен развоен или заштитен акт;
- не постојат други професионално прифатливи и соодветни решенија за остварување на оваа јавен интерес, што не би наштетиле на други покажани јавни придобивки;
- предвидениот ефект на јавниот интерес што преовладува е значително поголем од штетните последици за јавниот интерес што преовладувала;
- претходно биле спроведени постапки за координација на интересите.

(3) Владата одлучува за доминација на јавниот интерес со одлука врз основа на мислење на Координативното тело за изработка на просторни планови. Постапката се поведува по барање на изготвувачот на актот за спроведување на планските решенија, доколку по добиено негативно мислење од органот надлежен за уредување на просторот, се оцени дека настанал професионално нерешлив судир на јавни интереси што го оневозможува продолжувањето на постапката, а се исполнети условите за доминација на јавниот интерес од претходниот став. Во постапката претходно се добива мислење од министерството кое го застапува јавниот интерес, кој треба да преовладува. Одлуката за доминација се донесува врз основа на евалуација на влијанијата врз економијата, општеството и животната средина и мора да биде образложена.

(4) Во случај на преовладување на јавен интерес над јавен интерес за зачувување на природата, се применуваат одредбите од прописите за условите за воведување на постапката за преовладување, компензаторните мерки, постапката со која се регулира зачувувањето на

природата, при што Владата одлучува за доминација на јавна корист врз основа на мислење на Координативното тело за изработка на просторни планови.

(5) Одлуката на Владата за преовладување на јавниот интерес е обврзувачка за сите органи кои учествуваат во процесот на подготвување на просторниот акт и за другите органи на кои се однесува.

(6) Одлуката за преовладување на јавниот интерес содржи и назначување на мерките за надоместување на штетата на јавниот интерес кој преовладувал во случајот, како и насоките и условите за нивно спроведување.

(7) Владата поблиску ги пропишува критериумите за оцена на влијанијата од третиот став на овој член и постапката за преовладување на јавната корист.

**Член 15**

**Рационално користење на просторот**

(1) При планирање на просторот, дејностите се распоредуваат во просторот така што употребите на просторот се испреплетени, меѓусебно се компатибилни или не пречат една на друга.

(2) Рационалното користење на просторот обезбедува зачувување на продуктивното земјоделско земјиште, шумите и шумското земјиште, другите природни и полуприродни предели и што помало заземање на земјиште за непродуктивни намени.

(3) Може да се дозволи привремена употреба на површини или градби, кои не смеат да ги менуваат карактеристиките на просторот на начин кој во иднина би го оневозможил спроведувањето на прифатените просторни планови. Привремената употреба не смее да се коси со стратешките одлуки во актите за развој на државата и општината.

**Член 16**

**Препознатливост на населените места и пределите**

(1) Во просторното планирање за развој  на населбите потребно е да се оформат и сугерираат насоки за заштита на  ликот на населбите и пејзажниот карактер на пределите, да се предвиди санација на обезвреднетите површини и да се посочат мерки за создавање ново архитектонско и пејзажно препознавање во склад со постојните квалитети на просторот. Треба да се дефинираат насоки согласно кои просторниот развој на населбите се прилагодува на релјефните форми, водотечните мрежи и насоките на  јавната инфраструктура. Притоа, неопходно е да се поттикнува почитување на карактеристиките на обласна, да се заштитат природата и културното наследство, да се потенцираат обликовните вредности на населбата и да се заштитат висококвалитетните доминантни глетки.

(2) При просторното планирање потребно е да се зачуваат и утврдат вредностите и препознатливите карактеристики на пределот и да се уредуваат активностите на начин што ќе може да се зајакне препознатливоста на просторот и неговото управување.

(3) При поставување на активности за идна намена, користење и во уредувањето на просторот, како и нивно проширување и функционално распоредување, се земаат предвид:

- карактеристики на одделни предели и региони кои произлегуваат од нивната употреба, функција и изглед;
- поврзаност на екосистемите и поврзаност на европските и балканските еколошки мрежи, зелената инфраструктура и зелените појаси;
- зачувување на карактеристичните врски меѓу населбите и пределот;
- зачувување на визуелно атрактивни делови од пределот и карактеристични глетки;
- потребата од санација на обезвреднетите области;
- заштита на културното наследство;
- заштита на земјоделското и шумското земјиште.

**Член 17**

**Планирање на простор во области со ограничувања**

(1) Просторниот развој во области со ограничувања се планира во согласност со ограничувањата, како што се следните области:

- загрозени подрачја во согласност со регулативата за водите (плавни подрачја, ерозивни подрачја, свлечишта и друго);
- загрозени подрачја во согласност со регулативата за заштита од сеизмичка активност;
- области на ризик од големи несреќи поради работата на постројки во согласност со регулативата со кои се уредува заштитата на животната средина;
- области важни за безбедноста на земјата во согласност со регулативата со кои се уредува одбраната.

(2) Со планирање на просторот ризикот од природни и други непогоди се намалува со:

- поставување на активноста во простор надвор од областите со ограничувања;
- соодветно управување со примарните активности во области со ограничувања;
- следење и анализа на процесите и факторите кои можат да предизвикаат природни и други непогоди.

(3) Во области со ограничувања не се планираат нови населби, инфраструктура или активности кои би можеле да предизвикаат непогоди или да го зголемат ризикот.

(4) За да се спречат поголеми несреќи на површини каде што бораат голем број луѓе на постојан или привремен престој, простори на важна инфраструктура и кај заштитени подрачја и за да се намалат последиците по луѓето, материјалните добра и животната средина, потребно е да се почитуваат правилата за определување на заштитни зони и прописите за заштита на животната средина и природата.

## II. **ОРГАНИЗАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА ПРОСТОРНО УРЕДУВАЊЕ**

**Член 18**

1) Ефикасноста на планирањето на просторот ја обезбедуваат Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија како и претставниците и извршните органи на локалната самоуправа и единиците на управата, со донесување документи за просторно планирање и други документи утврдени со овој закон.
2) Професионалната основа на документите од ставот 1 на овој член ја обезбедуваат органите на државната управа и органите на управата на единиците на локалната самоуправа основани за вршење на професионални задачи за планирање на просторот и правните лица регистрирани за изработка на овие документи.

**Член 19**

1) Планирањето на просторот е активност на јавниот сектор на сите нивоа и јасна дистрибуција на одговорностите меѓу различните нивоа на администрацијата.

Во областа на планирање на просторот државата е одговорна за:

- утврдување на целите на развојот во просторот на Државата;
- утврдување појдовни точки, правила и насоки за користење, организација и уредување на просторот;
- развој на рамковни политики за поттикнување и водење на процесите за донесување одлуки и воспоставување на услови за ефикасно планирање на државно, регионално и локално ниво;
- воспоставување на ефикасна правна рамка за координација со сите ресори и региони;
- утврдување препораки за просторно планирање, подготовка и спроведување на планските решенија;
- следење на примената на националните насоки и принципи на регионално и локално ниво;
- подготовка на програми за поддршка на просторниот развој ;
- координација при изработка на просторни планови;
- спроведување на процесот на просторно планирање на државата;
- учество во постапките за подготовка на просторни акти
- вршење контрола врз законитоста на процесот на просторното планирање;
- извршување на задачи во врска со работењето на просторно информацискиот систем и следење на состојбата со просторниот развој;
- донесување и дефинирање задачи од областа на просторното планирање;
- спроведување и распределба на средства за програми за едукација и подигање на свеста за просторно планирање;

(2) Државата е одговорна за планирање на просторот на Државата и регионите, и за заштитените простори од национално значење и просторите со посебни просторни карактеристики.

(3) Планирањето на просторот од национално значење опфаќа: системи и објекти од транспортната, енергетската, водостопанската инфраструктура од национално значење, активности во животната средина доколку се работи за задолжителна државна јавна услуга, мрежата на заштитени подрачја на природни и подрачја на културно наследство, зелената инфраструктура, барања од областа на националната одбрана и заштита од природни и други непогоди.

(4) Општината е надлежна за планирање на просторот од локално значење.

(5) Во областа на планирањето на просторот, општината е одговорна за:

- подготовка на просторни акти на општинско и меѓуопштинско ниво;

- соработка при изработка на регионални просторни планови;
- учество во подготовката на просторните акти на државата;
- утврдување на целите и појдовните основи на просторниот развој на општината;
- планирање на  користењето на просторот од локално значење;
- подготовка на плански инструменти и утврдување на приоритетни  активности;
- дефинирање на услови за спроведување на предлозите, решенијата и политиките;
- преземање на проактивни мерки за поттикнување и зајакнување на развојот;
- спроведување на  насоки и мерки за развојот во просторот на локално ниво;
- извршување на задачи поврзани со работењето на просторно информацискиот систем;

(6) Планирањето на просторот од локално значење опфаќа: активности кои се директно наменети за вршење на општински јавни услуги (транспорт, снабдување со вода, одведување отпадни води, пристап до електрична енергија и други енергенси, собирање и третман на отпад и друго); алоцирање на јавни и приватни инвестиции; активности кои се директно наменети за вршење на локални и државни нестопански јавни услуги; простори кои се наменети за живеење; општински изграден јавен имот (згради, инфраструктура за вода, за греење, за снабдување со струја, со плин, депонии); простори наменети за примарните дејности - земјоделство и шумарство, наменети за експлоатација на минерални суровини, подрачја на природно и културно наследство и друго.

**Учесници во просторното планирање**

**Член 20**

(1) Учесници во просторното планирање се органите на државната управа, органите на локалната самоуправа, давателите на јавни услуги и носителите на јавни овластувања, кои учествуваат и координираат во процесот на подготовка на просторните акти врз основа на нивните развојни политики, стратегии и програми.

(2) Од учесниците во просторното планирање, изработувачот на просторни акти (просторни планови и програми за спроведување на просторните планови) доставува барање за:

- развојни и други потреби во врска со просторот;
- расположлива документација за развојните потреби од нивната област на работа а за подготовка на просторни акти;
- пренос и објава на ажурирани информации во соодветни, особено дигитални формати, кои се однесуваат на просторот, како и какви било насоки, препораки и објаснувања од нивните работни области;
- насоки и мислења.

(3) Согласно со одредбите на овој закон, учесниците во просторното планирање мора одговорно и конструктивно да учествуваат во сите фази од постапката за изготвување на просторни акти.

Учеството, доставувањето на документите и податоците, како и постапките од претходните ставови се обезбедуваат и се вршат по службена должност и без надоместок.

(4) Локални органи за планирање на просторот се оние општински органи, даватели на јавни услуги и носители на јавни овластувања, кои како такви се определуваат со општинските прописи и акти донесени за вршење на јавни овластувања.

**Член 21**

**Орган на управата надлежен за просторното планирање**

(1) **Орган на управата надлежен за просторното планирање** има улога на државен орган надлежен за планирање на просторот и осигурува почитување на правилата и начелата за планирање и уредување на просторот, во негова надлежност;

(2) **Орган на управата надлежен за просторното планирање** дава стручна помош во изготвувањето на просторните акти во сите фази од нивното изготвување, со давање оцена и насоки на барање на нивниот изготвувач.

(3 **Орган на управата надлежен за просторното планирање** управува и го одржува просторно информацискиот систем, ги следи постапките за подготовка на просторни акти и ја проверува нивната техничката соодветност.

(4) **Орган на управата надлежен за просторното планирање** надлежно за работите на просторното планирање го уредува начинот, постапката и роковите за спроведувањето на просторните планови.

**Член 22**

**Совет за просторно планирање**

(1) Органот надлежен за просторно планирање формира, Совет за просторно планирање како свое стручно советодавно тело.

(2) Совет за просторно планирање брои 9 члена кои ги именува министерот со мандат од пет години со можност за повторен реизбор. Со Советот раководи претседател што го избираат членовите меѓу себе.

(3) Кандидати за членови на Совет за планирање на просторот предлагаат институциите од областа на просторното планирање од редовите на признати стручњаци (од праксата, академската задница и невладиниот сектор од областа на просторно планирање и други релевантни чинители).

(4) Во зависност од содржината за која се дискутира, Совет за просторно планирање може да покани да учествуваат и претставници на други организации доколку оцени дека можат суштински да придонесат во формулирањето на ставови, иницијативи и мислења.

(5) Административна и финансиска поддршка за работата на Совет за просторно планирање го обезбедува Министерството.

(6) Советот за планирање на просторот е самостоен и независен во својата работа.

(7) Совет за просторно планирање дава стручна поддршка на работата на Координативното тело и на Министерството. Совет за просторно планирање разгледува и прифаќа ставови, дава иницијативи и мислења главно за:

- соодветноста на правилата за просторно планирање;
- програмските основи за изработка на просторен план;
- нацрт на просторни планови;
- тоа дали јавниот интерес преовладува;
- за извештајот за спроведување на просторните планови;
- други стручни прашања што ги упатува Координативното тело или Министерството.

(8) Совет за просторно планирање своето работење го уредува со деловник по предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање.

(9 ) На членови на комисиите од став 2 и 3 на овој член им следува надоместок за учеството во работата на комисијата, кој се обезбедува буџетот на органот којшто ја формирал комисијата за просторно планирање.

Висината на надоместокот од став 9 на овој член, се утврдува врз основа на обемот на извршените работи и реално направените трошоци за извршување на работите и истата ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на простор.

**Координативно тело за изработка на просторен план**

**Член 23**

(1) Координативното тело за изработка на просторен план е постојано работно тело на Владата, кое на меѓуресорско ниво обезбедува координација и усогласеност со целите на просторното планирање и ги има следните задачи:

- редовно и активно ја следи изработката на просторните планови;
- воспоставува соработка помеѓу надлежното министерство и изготвувачот на плановите, центрите за развој на планските региони, единиците на локалната самоуправа и други субјекти, директни и индиректни учесници во изработката на просторен план;
- воспоставува соработка со соседните и други држави во врска со прашања од трансграничен карактер;
- при изготвување на секторски стратегии и развојни акти дава мислење од гледна точка на нивното влијание врз просторниот развој;
- дава мислење за подготовка на сите нивоа на просторни планови;
- издава мислење за поединечни правила и општи насоки за планирање и уредување на просторот;
- се грижи за суштинско и процедурално координирано работење на органите за планирање на просторот и на изготвувачот при подготовката на просторните акти и дава препораки;
- доставува мислење до Владата во постапката на доминација на јавниот интерес;
- дава мислење за појдовните точки за подготовка и предлог на акциската програма за спроведување на Програмските основи за просторен развој и за сите просторно плански рамништа (национален просторен план, просторен план на регион, просторен план на општина и просторен план за заштитени подрачја или подрачја со посебна намена).

(2) Постојани членови на Координативното тело за просторно планирање се:

- државните секретари на сите министерства релевантни за планирање на просторот;

- раководителите на Државниот завод за статистика, Агенцијата за планирање на просторот, Агенција за катастар на недвижности и други органи и организации кои се државни органи надлежни за користење, организација и уредување на просторот;
- раководителите на Планските региони надлежни за развој на планските региони;
- претставникот на Советот за просторно планирање.

(3) Претседател на Координативното тело за просторно планирање е државниот секретар на Министерството надлежно за просторното планирање.

(4) Работењето на Координативното тело се уредува со деловник за работа на предлог на Министерството надлежно за просторното планирање, а го донесува самото Координативно тело.

**Член 24**

**III. дел: ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

## Информациски систем за планирање на просторот

(1) За потребите на креирање, донесување, спроведување и следење на просторни планови, постојано следење на состојбата на просторот и областа на просторното планирање и изготвување извештаи за состојбата на просторот, во согласност со овој Законски и други прописи, од страна на органот надлежен за просторното планирање се воспоставува и управува информационен систем за планирање на просторот (во натамошниот текст: информациски систем).

(2) Информацискиот систем го воспоставува и развива Министерството за животна средина и просторно планирање

(3) Информацискиот систем е воспоставен и управуван како интероперабилен и мултиплатформски систем во кој се поврзани информатичките системи на одделни органи на јавното право, кои врз основа на овој закон и посебни прописи создаваат и/или одржуваат просторни податоци и други. податоци значајни за просторно планирање.

(4) Информацискиот систем се воспоставува и управува во електронска форма.

Информацискиот систем вклучува податоци за:

1. Постојната состојба и користење на просторот вклучувајќи податоци за недвижен имот и сопственост.

2. Просторни планови и просторни планови чија изработка и донесување е во тек.

3. Намена на простор/површина и други услови на користење и заштита на простор утврдени и пропишани со просторни планови и посебни прописи.

4. Управни и други акти на надлежните органи кои се издаваат и кои се издадени заради спроведување на просторни планови, изградба, користење и отстранување на градби и

5. Секторски стратегии, планови, студии и други документи пропишани со посебни закони од значење за просторното планирање.

6. Органот на државната управа надлележен за работите на просторното планирање го воспоставува и управува со овој систем.

7. Лица кои ќе бидат задолжени за изработка на просторен план и стручниот креатор на просторниот план со кој ќе се овозможи бесплатно користење на податоци од информацискиот систем.

(8) Изработувачот на просторниот план е должен да ги достави сите прибрани и изработени гео просторни податоци во процесот на изработка на просторниот план да ги достави до нарачателот во соодветен ГИС формат (SHP, DXF, DWG, и сл.) во државен координатен систем.

(9) Формата и содржината за начинот на користење на податоците од просторните планови кои треба да го имаат правни и физички лица,, непосреден увид и користење на податоците од просторните планови ги пропишува министерот надлежен за работите на просторното планирање.

**ПРОСТОРНИ ПЛАНОВИ**

**Член 25**

**Предмет на просторните планови**

(1) Предмет на просторното планирање е планирањето на организацијата на просторот, уредување на средината и одредувањето на условите за изградба на објекти (домување, работа, изградба, организација на луѓето и друго).

(2) Со просторните планови се уредува начинот на користењето и намената на просторот, организацијата на активностите како и условите за уредување, подобрување и заштита на животната средина и на просторот на државата, на регионите и општините.

(3) Условите за спроведување на зафати во просторот се пропишани во одредбите за спроведување на просторниот план и/или неговиот графички дел.

(4) Просторниот план содржи појдовни точки, цели на просторното уредување, анализи на состојбите, образложение на планските решенија и одредби за спроведување на планските решенија и зафати во просторот, насоки и одредби за користење и заштита на земјиштето, насоки за организација на населбите и активностите, насоки за заштита на животната средина, природата и културното наследство, насоки за заштита од природни непогоди и катастрофи, условите за спроведување на зафати и интервенции во просторот, и насоки за изработка на просторни планови од пониско ниво.

Графичкиот дел на просторниот план се состои од картографски претстави на кои се однесуваат одредбите за спроведување на просторниот план.

(5) Одредбите на просторниот план содржат насоки, мерки и услови за спроведување на планските решенија и зафати во просторот.

(6) Со просторните планови, во зависност од нивото и обемот, се пропишуваат просторни показатели, картографски прикази за намената на просторот, односно земјиштето, инфраструктурни коридори, насоки за уредување на населбите, мерките за заштита на

животната средина, барања за заштита на природата, културното наследство и другите заштитени вредности и други неопходни текстуални и графички делови.

(7) Авторското право не може да се стекнува на просторни планови, нивните нацрти и плански решенија.

**Член 26**

**Усогласеност на просторните планови**

(1) Просторниот план на државата мора да биде во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Просторниот план од пониско ниво мора да биде усогласен со просторниот план на повисокото ниво.

(3) Просторните планови на исто ниво мора да бидат меѓусебно усогласени.

**Член 27**

**Форма на просторни планови**

(1) Просторните планови содржат графички и текстуален дел или само текстуален дел, ако определуваат само просторни услови за имплементација кои не можат графички да се прикажат.

(2) Просторните планови се изработуваат во дигитална форма, а нивното чување и увид се обезбедува во дигитална и аналогна форма.

**Член 28**

**Чување на просторните планови**

(1) Одлуката за донесување на Просторниот план, како и заверен примерок од донесениот просторен план задолжително се доставуваат до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање.

(2) Донесениот просторен план се заверува во четири примероци од кои еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден во Државниот архив на Република Северна Македонија, еден се доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторното планирање.

(3) Просторните планови и придружните материјали се чуваат во аналогна форма во седиштето на изработувачот, а во дигитална форма во просторен информациски систем и во седиштето на изработувачот.

(4) Во случај на разлики меѓу аналогната или дигиталната форма на просторниот акт и придружниот материјал, се смета дека е валидна верзијата објавена во службен весник.

**Член 29**

**Финансирање на просторни планови**

(1) Финансиски средства за спроведување на Просторниот план на Државата, просторните планови на заштитените подрачја од национално значење, на подрачја со посебни карактеристики и просторните планови на регионите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, донации и други извори на финансирање, согласно со Програмата за спроведување на Просторниот план.

(2) Средствата за изработка на просторен план донесен од претставничко тело на единица на локална се обезбедуваат од буџетите на единиците на локалната самоуправа, донации и други извори на финансирање.

**Член 30**

**Достапност на просторни планови**

(1) Просторните планови мора да бидат достапни за јавен увид при нивното изработување, донесување и важење, освен содржината која е доверлива според посебен закон.

(2) Јавната достапност на електронскиот образец на просторниот план при неговото креирање, донесување и важност се обезбедува преку просторно информацискиот систем.

(3) Јавната достапност на аналогниот образец на просторниот план при неговото креирање, донесување и важност ја обезбедува носителот на просторниот план во неговото седиште.

(4) Јавната достапност на просторниот план донесен на државно ниво во аналогна форма ја обезбедува Министерството во своето седиште.

(5) Достапноста до јавноста на просторниот план донесен на локално ниво во аналогна форма ја обезбедува органот на управата во неговото седиште.

(6) Право на непосреден увид и користење на податоците од Просторниот план, имаат правни и физички лица, на начин и по постапка што ги пропишува министерот надлежен за работите на просторното планирање.

**ВИДОВИ ПРОСТОРНИ ПЛАНОВИ**

**Член 31**

**Видови просторни планови**

Просторни планови се:

- просторен план на државата
- просторен план на заштитено подрачје од национално значење и подрачје со посебни карактеристики
- просторен план на регион

- просторен план на општина

**Член 32**

**Просторен план на државата**

(1) Просторен план на државата (во натамошниот текст: Просторен план), се донесува за територијата на целата државата и претставува стратегија за просторен развој на државата, кој дава насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата, уредувањето и управувањето со просторот на државата.

(2) Просторниот план на Државата е темелен просторен стратешки акт за насочување на развојот во просторот на земјата.

(3) Во согласност со другите државни развојни акти и развојни цели, Просторниот план на државата ги утврдува долгорочните стратешки цели на земјата и насоките за развој на активностите во просторот.

(3) Просторните планови, секторските стратегии, плановите и другите развојни документи на одделни стопански и административни области и дејности не можат да се во спротивност со Просторниот план на државата.

4) Координативното тело за просторно планирање ги разгледува и одобрува појдовните основи за изработка на Просторниот план на Државата.

Одлуката за изработка на Просторниот план на Република Македонија ја донесува Владата, на предлог на министерството надлежно за просторно планирање.

Решението од ставот 1 на овој член содржи информации за целта на донесувањето, рокот на изготвување, изворот на средствата за подготовка, местото на јавниот увид и сл.

Одлуката од став 1 на овој член се објавува во службено гласило.

**Член 33**

**Појдовни и програмски основи на Просторниот план на државата**

(1) Врз основа на анализата и оценката на состојбите во просторот, Извештајот за просторниот развој на Државата и Програмските основи на Просторниот план на Државата, Министерството ги подготвува појдовните основи за изработка на Просторниот план на Државата.

(2) Во подготовката на појдовните основи од претходниот став, Министерството ги вклучува учесниците во планирањето и уредувањето на просторот.

(3) Со Програмските основи на Просторниот план на Државата се определуваат стратешки насоки и појдовни точки за планирање на просторот на национално, регионално и општинско ниво.

(4) Програмските основи на Просторниот план на Државата содржат:

- извештај за просторниот развој на Државата,
- појдовни основи за подготовка на Просторниот план на Државата,
- визија за просторниот развој на земјата со долгорочни цели за просторен развој, и

- долгорочен концепт на просторен развој со приоритети и насоки за постигнување на целите на просторниот развој.

**Член 34**

**Подготовка и усвојување на Програмските основи на Просторниот план на Државата**

(1) За изготвување на Програмските основи на Просторниот план на Државата надлежно е Министерството.

(2) Министерството ги објавува Програмските основи на својата веб страница и просторно информациски систем и ги поканува учесниците во просторното планирање да ги достават своите забелешки и предлози во рок од 30 дена. Министерството спроведува јавна консултација како дел од јавната расправа.

(3) Врз основа на забелешките и предлозите на учесниците во планирањето на просторот, Министерството подготвува предлог на Програмските основи кои ги разгледува и одобрува Координативното тело за просторно планирање.

(4) Програмските основи на Просторниот план на Државата ги донесува Собранието на Република Северна Македонија со одлука на предлог на Владата.

**Член 35**

**Содржина на Просторниот план на Државата**

(1) Согласно програмските основи и појдовните точки за просторен развој на Државата, Просторниот план на Државата содржи:

- цели и приоритети за просторен развој,
- анализа и оценка на постојната состојба на просторот на Државата (природни услови, население, мрежа и функции на населените места, стопанство, инфраструктурните системи од државно значење, намена и користење на земјиштето, сопственост на земјиштето, заштита на природата и културното наследство, квалитетот на животната средина);
- просторна концепција за намена, користење, организација и уредување на просторот (основни концепции за насочување на демографските состојби и движења, мрежата и функциите на населените места, основна намена и користење на територијата и земјиштето, инфраструктурни системи и коридори од државно значење; зони наменети за истражување и експлоатација на минерални суровини; области со посебна намена; подрачја на природни и културни добра; подрачја на зелената инфраструктура; подрачја и региони со посебни карактеристики и други регионални целини; и др.

(2) Просторниот план на Државата пропишува:

- услови за спроведување на активности и зафати во просторот за објекти од национално значење;
- обврска за донесување просторен план за заштитени подрачја од национално значење и за подрачја со посебни карактеристики;
- насоки и мерки за остварување на политиките за користење на земјиштето;
- насоки и мерки за управување со демографските процеси;
- насоки и мерки за воспоставување на зелената инфраструктура;
- насоки за изработка урбанистички планови и друго.

**Член 36**

**Просторен план со посебна намена**

Просторниот план на подрачјето со посебна намена особено содржи:

1) почетна основа за изработка на планот;

2) проценка на постојната состојба (SWOT анализа);

3) посебно означување на градежната површина со граници на површините;

4) делови од територијата за кои е предвидено изработка на урбанистички план;

5) цели, принципи и оперативни цели на просторниот развој на подрачјата со посебна намена;

6) концепт на просторен развој на области со посебна намена;

7) замислување и предлагање заштита, уредување и развој на природата и природните системи;

8) концепција и предлози во врска со можни демографски и социјални проблеми;

9) просторен развој на функции за посебна намена, распределба на активностите и користење на земјиштето;

10) просторен развој на сообраќајот, инфраструктурните системи и поврзување со други мрежи;

11) правила за уредување и градба и други елементи на уредување за делови од територијата вклучени во планот за кои не е предвидена изработка на урбанистички план;

12) мерки за заштита, уредување и унапредување на природните и културните добра;

13) мерки за заштита на животната средина;

14) мерки и инструменти за спроведување на просторниот план на подрачјата со посебна намена и приоритетните плански решенија;

15) мерки за спроведување на просторен план за посебна намена.

Стратешката оцена на влијанието врз животната средина е составен дел на планот.

По исклучок за линеарни инфраструктурни објекти, просторниот план на просторот за посебна намена може да се креира паралелно со изработката на идејниот проект кој ги содржи сите потребни технички податоци.

**Член 37**

Просторен план на заштитено подрачје од национално значење и подрачје со посебни карактеристики

(1) За заштитени подрачја од национално значење, кои се определени со посебен закон и за подрачја со посебни карактеристики утврдени со Просторниот план на Државата се донесуваат просторни планови.

(2) Просторниот план на заштитени подрачја од национално значење и за подрачје со посебни карактеристики се изготвува и се донесува во зависност од особеностите на природните, културно-историските, економските и/или други карактеристики, односно условите за опстанок и развој на природата и екосистемите на одредена област.

(3) Просторниот план на заштитени подрачја од национално значење и подрачја со посебни карактеристики содржи:

- основна организација и разграничување на просторот според неговата вредност, значење и намена;
- распределба на функциите важни за управување со областа;
- систем и функции на населените места
- инфраструктурни системи и објекти за јавна и социјална намена;
- мерки на користење, уредување и заштита на просторот со приоритетни активности;
- модели за поврзување со зелената инфраструктура во поширокото подрачје.

(4) Со просторниот план на заштитени подрачја од национално значење и подрачја со посебни карактеристики се пропишуваат:

- мерки за подобрување и заштита на природата, животната средина, културните добра и другите вредности на областа;
- мерки за поврзување со системот на зелената инфраструктура во поширокото подрачје;
- услови за спроведување на сите зафати предвидени со просторниот план на подрачјето;
- насоки за изработка урбанистички планови на населбите и туристичките зони.

**Член 38**

**Просторен план на регион**

(1) Просторен план на регион е план со кој државата и општините, врз основа на Просторниот план на Државата и другите развојни акти на Државата го договараат и усогласуваат просторниот развој на одреден развоен регион.

(2) Просторниот план на регионот се донесува за подрачје на повеќе општини или нивни делови кои опфаќаат поширока просторна целина, која има заеднички географски, економски, демографски и други обележја или заеднички интереси за развој.

(3) Границата на просторната целина од претходниот став на овој член се определува со просторниот план на Државата. Доколку просторниот план не е донесен, таа граница ја определуваат општините со меѓусебен договор.

(4)Регионалниот просторен план особено содржи:

- 1) почетна основа за изработка на планот;
- 2) проценка на постојната состојба;
- 3) целите и принципите на регионалниот просторен развој;
- 4) концептот на регионален просторен развој;
- 5) принципи и предлози за заштита, уредување и развој на природата и природните системи;
- 6) концепција и предлози за просторен развој и распределба на населението, мрежа на населби и јавни услуги;
- 7) функционално поврзување на населени места;
- 8) принципи и предлози за просторен развој на стопанството, распределба на дејностите и користење на земјиштето;
- 9) просторен развој на сообраќајот, регионалните инфраструктурни системи и поврзување со инфраструктурни системи од значење за државата ;
- 10) мерки за заштита, уредување и унапредување на природните добра и недвижните културни добра;

- 11) дефинирање на меѓурегионални и интрарегионални функционални врски и прекугранична соработка;
- 12) мерки за заштита на животната средина;
- 13) мерки за поттикнување на регионалниот развој;
- 14) мерки за рамномерен територијален развој на регионот;
- 15) мерки и инструменти за спроведување на регионалниот просторен план и приоритетните плански решенија, односно стратегиски развојни проекти за првата фаза на реализација;
- 16) мерки за спроведување на регионалниот просторен план.

(5) Просторниот план на регионот пропишува насоки и мерки:

- за остварување на политиките за користење на земјиштето;
- за насочување на демографските процеси и развој на населбите;
- за изработка на урбанистички планови;
- за уредување на подрачја за развој на активностите и стопанството;
- за унапредување на квалитетот на животната средина;
- за заштита на природата и биодиверзитетот и за воспоставување на зелената инфраструктура;
- за чување на културното наследство;
- за уредување на територијата на општините кои го формираат регионот преку изработка на просторни планови за општините;
- услови за спроведување на активности и зафати во просторот за објекти од регионално значење.

(6) Во просторниот план на регион мора да се координираат и утврдат условите за уредувањето на просторот на подрачјето на повеќе општини или кои влијаат на развојот на повеќе општини.

(7) Доколку содржината на просторниот план на регион влијае на соседниот развоен регион или поединечна општина, овие содржини се усогласуваат со нив.

(8) Просторниот план на регион е основа за изготвување на програмата за регионален развој, која се подготвува според прописите за унапредување на кохерентен регионален развој.

(9) Просторниот план на регион мора да се донесе пред програмата за регионален развој од претходниот став или истовремено со неа.

**Член 39**

**Просторен план на општина**

(1) Просторниот план на единицата на локалната самоуправа се донесува за територијата на единицата на локалната самоуправа и ги утврдува насоките за развој на активностите и користењето на површините, како и условите за одржлив и рамномерен развој на територијата. на единицата на локалната самоуправа.

(2) Просторен план на општина содржи:

- цели и приоритети на просторниот развој на општината;
- анализа и оцена на постојната состојба на територијата на општината (природните и условите на пределите со простори под ризик од различни природни фактори, населението, мрежата, функциите и опременоста на населбите, стопанството со

туристички, рекреативни и излетнички подрачја, инфраструктурните системи, намена на земјиштето, квалитетот на животната средина, заштитени и евидентирани подрачја на природата, зелената инфраструктура, подрачја и објекти на културното наследство);
- просторна концепција за начинот на користење и уредување на територијата на општината (намена на земјиштето, зони за стопански активности со приоритетни области значајни за општината; населби и мрежа на населби и нивната функција; социјалната инфраструктура од локално значење; инфраструктурни коридори значајни за развојот на општината; подрачја од интерес за заштита на природата и културното наследство; зелените појаси и зелената инфраструктура).

(3) Општинскиот просторен план пропишува насоки и мерки за :
- просторен развој на општината,
- развој на населените места,
- изработка на урбанистички планови за градежно подрачје на населбата и за градежно подрачје надвор од населено место за кое не е донесен урбанистички план,
- користење и заштита на висококвредното земјоделско земјиште и шумското земјиште,
- спроведување интервенции во просторот,
- развој на јавната инфраструктура и социјалните дејности од локално значење,
- заштита и унапредување на животната средина, природата, зелената инфраструктура и културното наследство и друго.

## IV : ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИ ПЛАНОВИ

### Член 40

### Носител на изработка на просторен план

(1) Административните задачи во врска со изработувањето и донесувањето на просторниот план, ги врши носителот на просторниот план (во натамошниот текст: носител на изработката).

(2) Носител на изработката на Просторниот план на Државата, на заштитените подрачја од национално значење и подрачјата со особени природни карактеристики и регионалните просторни планови е Министерството одговорно за просторно планирање, а на просторниот план на локално ниво (на општина) е советот на единицата на локалната самоуправа.

(3) Координирање на изработката на просторен план ја извршува носителот на изработката и изработувачот на просторниот план.

### Член 41

### Иницирање изработка на просторен план

(1) Министерството одговорно за просторно планирање иницира изработка на просторен план на државно, регионално и локално ниво.

(2) Локалната самоуправа може да иницира изработка на просторен план на општина и во соработка со други општини да иницира изработка на регионален просторен план.

(3) Субјектот за управување со национален парк и други заштитени подрачја може да иницираат изработка на просторен план.

(4) Иницијативата од ставовите (1) и (3) на овој член може да содржи и предлог за финансирање на изработка на просторен план.

(5) За изготвување и финансирање на просторни планови Владата на предлог на министерството надлежно за просторно планирање донесува годишна програма која се објавува во Службен весник на РСМ.

**Член 42**

**Одлука за изработка на просторен план**

(1) За изработување на просторни планови, Владата на Република Северна Македонија донесува годишна програма за финансирање на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање.

(2) Изработката на просторен план започнува врз основа на одлуката за изработка на просторен план.

(3) Одлуката за изработка на просторен план се објавува во „Службен весник на РСМ “, односно во службеното гласило на единицата на локалната што ја донела одлуката.

(4) Одлуката за изработка на просторен план се доставува до изработувачот на просторниот план.

**Член 43**

**Измена и дополнување на одлуката**

(1) Одлуката за изработка на просторен план може да се измени и/или дополни и истата да се укине.

(2) По објавувањето на одлуката за изработка на просторен план, се известува јавноста за изработката на просторниот план на веб-страницата на Министерството и на единицата за локална самоуправа и преку просторно информацискиот систем.

(3) За изготвување на просторен план за развој на општина мора писмено да се известат соседните општини.

**Член 44**

**Содржина на одлуката за изработка на просторен план**

(1) Одлуката за изработка на просторен план, во зависност од видот на просторниот план и постапката за негово изготвување (создавање нов план, негови измени и/или дополнувања, односно поништување), особено содржи:

1. правна основа за изготвување и донесување на просторен план;

2. причини за донесување на просторниот план;

3. опфат на просторен план;

4. генерална оцена на состојбата во опфатот на просторниот план;

5. цели и програмски појдовни точки на просторниот план;

6. планиран рок за изработка на просторен план, односно неговите поединечни фази;

7. извори на финансирање за изработка на просторен план;

8. други прашања важни за изработка на просторниот план.

**Член 45**

**Изработувач на просторен план**

(1) Просторните планови од сите нивоа ги изработува специјализирано стручно тело.

(2) Изготвувачот на просторен план мора пред да започне со неговата подготовка да определи одговорен раководител за изработка на просторниот план.

(3) Одговорниот раководител е одговорен сите фази на изработка на планот да бидат изготвени во согласност со овој закон.

(4) Стручни лица од соодветните занимања се лица кои можат да вршат работи на планирање на просторот во својство на соработници.

(5) Изработувачот мора да има интердисциплинарна група експерти за темите опфатени со просторниот план.

(6) За изработка на одредени компоненти на просторен план или неговата професионална основа, изготвувачот може да обезбеди соработка со надворешни експерти, доколку нема соодветна стручност во делокругот на своите активности.

(7) Изготвувачот го води процесот на изготвување на просторен план и обезбедува координација на интересите меѓу државата, планските региони и општините. Носителот на изработка на просторниот план мора да се залага за соработка на сите релевантни учесници во уредувањето на просторот и да обезбеди рано и ефективно информирање и учество на јавноста.

(8) Активностите и обврските на стручното тело ги пропишува Министерот на органот на државната управа од областа на просторно планирање.

**Член 46**

**Фази на изработка на просторен план**

(1) Просторните планови се изработуваат во две фази, односно како нацрт план и предлог план.

(2) За Просторниот план на Државата се изготвуваат Програмски основи и појдовни точки за негова изработка, утврдено со член 35-37 од овој закон.

(3) На Нацрт просторниот план Министерството врши ревизија со која се утврдува дека плановите се изработени во согласност со одредбите на овој Закон.

**Член 47**

**Плански период**

(1) Планирањето на просторот се врши за период од најмалку петнаесет години за сите просторни планови.

(2) Со донесување на нов Просторен план на Државата, престанува да важи постојниот план.

(3) Пред истекот на пропишаниот плански период, донесувачот на планот еднаш годишно изработува стручна анализа на плановите со која се утврдува евентуалната потреба од изменување и дополнување на плановите или дел од плановите.

(4) Измени и дополнувања на плановите и делови од просторните планови се вршат по истата постапка пропишана за нивно донесување.

**Член 48**

**Графички основи**

(1) Просторните планови се изработуваат врз основа на ажурирани топографски карти во размер 1: 50.000 издадени од АКН во следниот размер:

- Просторен план на Државата во размер 1: 250.000;
- Просторен план на заштитено подрачје или подрачје со посебни карактеристики во размер 1: 50.000;
- Просторен план на регион во размер од 1: 50.000;
- Просторен план на општина во размер од 1: 25.000 до 1: 10.000.

(2) Изработените карти на планот треба да го достави во геореференциран растерски формат (TIF, GEOTIF, JPG и сл.) во државен координатен систем.

**Член 49**

**Стручна ревизија**

(1) На нацртот на плановите се врши стручна ревизија со која се утврдува дека плановите се изработени во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Со стручната ревизија се врши оценка на решенијата за намена, користење, организација и уредување на просторот, предмет на просторниот план.

(3) Стручна ревизија на нацрт просторен план врши Стручна комисија, што ја формира министерот надлежен за работите од областа на просторното планирање и се состои од најмалку 3 члена до најмногу 7 члена од стручно-научни институции, истакнати научни и стручни работници од областа на просторното и урбанистичко планирање и од други области суштествени за изработка на планската документација.

(4) Забелешките од стручната ревизија се вградуваат во нацртот планот, а изработувачот на планот задолжително дава извештај за постапувањето по забелешките на стручната ревизија, до органот надлежен за донесување на планот.

(5) Стручната ревизија и извештајот за постапувањето по забелешките од стручната ревизија се составен дел на нацрт планот.

(6) Стручна ревизија не може да врши изработувачот на планот на кој се врши ревизија.

**Член 50**

**Јавна расправа**

(1) За нацртот на просторен план се одржува јавна расправа.

(2) Постапката за обезбедување јавна расправа за просторниот план на Државата и за заштитените подрачја и за подрачјата со посебни карактеристики ја утврдува Министерството а за просторниот план на општината ја утврдува собранието на општината.

(3) Ако регионот се протега на две или повеќе општини, постапката за јавната расправа соодветните општини ја утврдуваат спогодбено.

(4) Учесниците на јавната расправа даваат мислења, сугестии и забелешки по нацртот за просторен план во рок колку што трае јавниот увид.

(5) Нацртот на просторниот план што се изложува на јавна расправа го содржи текстуалниот и графичкиот дел од планот како и негово образложение и резиме за јавноста.

(6) Објавата за јавна расправа по нацртот на просторниот план на државно ниво и на регионално ниво се објавува во јавните гласила и на веб-страницата на Министерството.

(7) Објавата за јавната расправа по нацртот на општински просторен план се објавува во јавни гласила, на веб-страниците на Министерството и на единицата на локалната самоуправа.

(5) Записникот од став јавните расправи ги содржи прашањата, мислењата, предлозите и забелешките на учесниците на јавната расправа дадени при јавната презентација, како и одговорите на поставените прашања.

**Член 51**

**Јавена презентација**

(1) Согласно објавувањето на јавната расправа, нацртот на просторен план се става на јавен увид на огласната табла и на веб-страницата на носителот на просторниот план и во просторно информацискиот систем.

(2) Јавниот увид по нацртот на Просторен план на Државата трае шеесет дена, а јавниот увид во предлозите на другите просторни планови трае триесет дена.

(3) Доставените мислењата, предлозите и забелешките на учесниците на јавниот увид, како и одговорите се составен ден на Записникот од јавниот увид.

**Член 52**

**Извештај од стручната ревизија, јавната расправа и јавниот увид**

(1) Извештајот од стручната ревизија, јавната расправа и јавниот увид, со записниците, го изработува изработувачот на планот, и носителот на планската документација.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член е составен дел на Предлогот на планот.

**Член 53**

**Донесување на просторен план**

(1) Надлежното Министерство го доставува предлог просторниот план на државата, предлог просторниот план на заштитени подрачја од национално значење, предлог просторен план на подрачја со посебни природни карактеристики и предлог регионалните просторни планови, со извештајот од извршената стручна ревизија и јавната расправа до Владата на Република Северна Македонија.

(2) Собранието на Република Северна Македонија должно е да го донесе просторниот план на Државата, просторниот план на заштитени подрачја од национално значење, просторните планови на простори со посебни природни карактеристики и просторните планови на региони, во рок од шест месеци од денот на доставување од Владата на Република Македонија.

(3) Надлежното Министерство го доставува предлог просторниот план на општина, со извештајот од извршената стручна ревизија и јавната расправа до Градоначалникот на општината.

(4) Советот на општината е должен да го донесе просторниот план во рок од три месеци од доставување од Градоначалникот.

**Член 54**

**Одлука за донесување на просторен план**

1) Одлуката за донесување просторен план ја пропишува надлежното Министерство.

(2) Одлуката за донесување на просторен план, како и заверен примерок од донесениот план задолжително се доставуваат до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање.

(3) Донесениот Просторен план на Државата се заверува во четири примероци од кои еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден во државниот архив, еден во органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторното планирање и еден кај изработувачот на просторниот план.

(4) Просторните планови на заштитени подрачја од национално значење и подрачја со посебни природни карактеристики се заверуваат во четири примероци од кои еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден во државниот архив, еден во органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторното планирање, еден во субјектите за управување на заштитените подрачја, по еден во општините кои влегуваат на територијата на заштитените подрачја или на подрачјата со посебни природни карактеристики и еден кај изработувачот на просторниот план.

(5) Донесениот регионален просторен план се заверува во пет примероци од кои еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден во надлежниот државен архив, еден во органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторното планирање, по еден кај

општините кои влегуваат на територијата на регионот и еден кај изработувачот на просторниот план.

(6) Донесениот општински просторен план се заверува во четири примероци од кои еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден во надлежниот државен архив, еден се доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторното планирање и еден кај изработувачот на просторниот план.

**Член 55**

**Измени и дополнувања на просторните планови**

(1) Измени и дополнувања на просторните планови се вршат согласно извештаите за нивното спроведување и оценката за промена на процесите и условите во просторот и условите според кои се донесени  или ако е неопходно поради дејство на виша сила.

(2) Одредбите од овој закон со кои се уредува изработката и донесувањето просторни планови соодветно се применуваат при донесувањето на измени и дополнувања на просторните планови и нивното укинување.

(3) По секоја измена и/или дополнување на просторниот план, претставничкото тело што го донело просторниот план е должно пречистениот текст на одредбите за спроведување на просторниот план и графичкиот дел од просторниот план да го објави во електронска форма и аналоген образец во рок од триесет дена од денот на влегувањето во сила на одлуките за измени и/или дополнувања на просторниот план.

(4) Пречистениот текст на просторниот план се објавува на начин пропишан за одлуката за донесување на просторниот план.

## V дел: СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИ ПЛАНОВИ

**Член 56**

**Спроведување на просторни планови**

(1) Просторно планските решенија и насоки се спроведуваат преку: насоки за усогласување на секторските политики, стратегии и програми со просторно планските концепти, и меѓусекторски усогласувања, усогласување на одредени законски решенија со просторно планските цели, насоки за урбан развој и функционална мрежа на населби, создавање на развојни алатки за обезбедување јавни услуги и инфраструктура, насоки и услови за преземање на зафати /градби во просторот, насоки за заштита на националните ресурси,  насоки за воспоставување на модели за поттик за инвестирање и друго.

(2) Владата и локалните самоуправи просторниот план го користат како регулаторен механизам при донесување одлуки и давање одобрување за одредени активности во просторот.

(3) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерството надлежно за работите на просторното планирање донесува Програма за спроведување на просторните планови.

(4) Со Програмата од став (3) на овој член се одредуваат мерките, условите и активностите од значење за спроведување на просторно планските решенија, приоритетните активности, организационата структура и органите надлежни за спроведување на просторниот план, содржината и степенот на обработка на податоците, условите, начините и динамиката за спроведување на активностите и финансиските средства потребни за спроведување на предвидените активности.

(5) Програмата за спроведување на просторниот план на државата се донесува на предлог на министерството надлежно за просторно планирање во рок од една година од денот кога просторниот план на државата стапува на сила.

(6) Програмата за спроведување на Просторниот план на Државата ги утврдува мерките и активностите за период од 5 години.

(7) За спроведување на просторниот план на заштитено подрачје и за други простори со особени карактеристики на предлог на министерството надлежно за просторно планирање и органот за управување со заштитеното подрачје програмата се донесува во рок од една година од денот кога просторниот план стапил на сила.

(8) Програмата за спроведување на просторниот план на заштитено подрачје и други простори со особени карактеристики ги утврдува мерките и активностите за период од пет година.

(9) За спроведување на регионалниот план органот надлежен за донесување на планот од една година од стапување на сила на регионалниот просторен план донесува програма во рок од една година од стапување на сила на регионалниот просторен план

(10) Програмата за примена на регионалниот просторен план ги утврдува мерките и активностите за спроведување на планските решенија за период од пет години.

(11) Програмата за спроведување на општински план ја носи органот надлежен за донесување на планот во рок од една година од стапување на сила на регионалниот просторен план .

(12) Програмата за примена на општински просторен план ги утврдува мерките и активностите за спроведување на планските решенија за период од пет години.

(13) Измени и дополни на програмата за спроведување на просторен план можат да се извршат и пред истекот на предвидениот рок врз основа на анализа на ефектите на применетите мерки и состојби во просторот а на предлог на органот надлежен за работите од просторното планирање.

**Член 57**

**Спроведување на зафати и активности во просторот**

(1) Секој зафат во просторот се врши во согласност со просторниот план, односно во согласност со актот за спроведување на просторниот план и посебните прописи.

**Член 58**

**Надлежност за издавање акти за спроведување на просторни планови**

(1) Насоки, мислења, услови и изводи за спроведување на просторните планови донесува Министерството и органот на управата.

(2) Министерството издава акти за спроведување на зафати во просторот кога:

1. со просторниот план на државно ниво се планирани и утврдени градби и други зафати од државно значење;

2. со просторниот план на заштитено подрачје или друг простор со особени карактеристики се планирани зафати или градби од државно значење;

3. со просторни планови на регионално ниво се утврдени зафати или градби од државно значење.

(3) Во случај на спроведување на поединечна интервенција на подрачјето од ставот (1) на овој член, Министерството може да го пренесе овластувањето за донесување поединечен акт за спроведување на просторен план на орган на управата.

(4) Управниот орган на локалната самоуправа, освен ако со овој закон поинаку не е пропишано, на своето подрачје издава акти за спроведување на просторни планови за интервенции на територијата на општината и за зафати на локално ниво надвор од подрачје на град.

(5) Уредувањето на просторот и развојот на населбите се остварува преку урбанистички планови. За изготвување и донесување на урбанистичките планови, министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава услови за планирање на просторот.

(6) Условите за планирање на просторот на населбите на овој член содржат изводи од решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог кој претставува извод од планот, и општи и посебни одредби и насоки со кои поблиску се одредуваат условите за урбанистичкото планирање.

**Член 59**

**Услови за планирање на просторот**

(1) За согледување на планските можности за планирање на просторот односно за изготвување на урбанистичките планови и урбанистички проекти согласно закон, органот надлежен за изработка на планската програма согласно закон, должни се пред изработка на планската програма да обезбедат Услови за планирање на просторот.

(2) По исклучок од став (1) на овој член Услови за планирање на просторот не се обезбедуваат при изработување на:

- детален урбанистички план;

- урбанистички план чиј плански опфат е предмет на планирање со друг урбанистички план или урбанистички проект, а на сила е истиот Просторен план според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат;

- урбанистички план со кој се врши изменување и дополнување на урбанистички план, во период кога е на сила истиот Просторен план, според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат;

(3) При изменување и дополнување на урбанистичките планови со кои се врши проширување на планскиот опфат, се обезбедуваат Услови за планирање на просторот само за делот за кој се проширува планскиот опфат.

(4) Услови за планирање на просторот се бараат и за плански опфат за кој веќе биле издадени услови, доколку донесувачот ги смени целите и наменската употреба на земјиштето во планската програма во однос на претходната, доколку не е донесен планот.

(5) Барање за добивање на Решение за Услови за планирање на просторот се поднесува во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање.

Кон барањето за добивање на Решение за Услови за планирање, се доставува:

- предлог планска програма

- информација дали предложениот опфат е во состав на плански опфат на важечки урбанистички план или урбанистички проект, односно дали е во состав на плански опфат на урбанистички план односно урбанистички проект која е во постапка за донесување.

- ажурирана геодетска подлога со дефинирана граница на планскиот опфат во векторски (dwg) формат, (по X и Y координати).

- имотни листови со класи на намена.

(6) По приемот на барањето за добивање на Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти предвидено со закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање во рок од 5 дена во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам, должен е да достави барање за изработка на Услови за планирање на просторот согласно став (7) на овој член до Агенцијата за планирање на просторот.

(7) Агенцијата за планирање просторот е должна во рок од 10 работни дена од приемот на барањето од став (6) на овој член да изработи Услови за планирање на просторот и да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање, во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам.

(8) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање, должен е во рок од десет работни дена од приемот на Условите од став (7) на овој член, врз основа на Условите да донесе Решение за Услови за планирање на просторот или Решение за одбивање на барањето и истото да го достави до подносителот на барањето за добивање на Услови за планирање на просторот, во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам.

(9) Подносителот на барањето за издавање на Услови за планирање на просторот, е должен да ги надомести трошоците за изработување на Условите за планирање на просторот, чија висина ја утврдува Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање.

(10) Агенцијата за планирање на просторот е должна да издвојува 20 % од надоместоците за изработување на Условите за планирање на просторот, од став (9) за изработка на Просторни планови.

(11) По исклучок од ставот (9) на овој член, при изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно закон чија изработка е финансирана од Буџетот на Република Северна Македонија, барателот не ги надоместува трошоците за изработување на Условите за

планирање на просторот, а трошоците се надоместуваат од Буџетот на Република Северна Македонија со годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти, согласно закон.

**Член 60**

**Годишен извештај**

(1) Заради континуирано следење на состојбите во просторот и спроведување на Просторниот план, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните служби, организациите, претпријатијата, установите, институциите и другите правни лица, се должни да изготват годишен извештај за состојбите и промените во просторот, од својата област и истите да ги доставуваат до министерството надлежно за работите на просторното планирање.

(2) Постапката и начинот на изготвување на изготвување, содржината и извештаите од став (1) на овој член, како и роковите за доставување, ги пропишува министерот надлежен за работите на просторното планирање.

**Член 61**

**Измени, дополнување, продолжување, укинување или поништување на програма за спроведување на просторен план**

(1) Измени и дополнувања на програмите за спроведување на просторните планови се вршат согласно извештаите за нивното спроведување и оценката за промена на процесите и условите во просторот.

(2) Решението за изменување, дополнување, продолжување на важноста и укинување на актот (програмата) за спроведување на просторните планови во случаите во кои тоа е пропишано со овој закон го донесува Министерството, односно органот на управата што го донел актот за спроведување.

Тарифник за вредности на работи од областа на просторно планирање го подготвува органот на државната управа од областа на просторното планирање и го доставува на одобрување во Владата.

**VI НАДЗОР**

**Член 62**

**Надзор на спроведување на законот**

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши, органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторно планирање.

**Член 63**

**(Инспекциски надзор)**

Работите на инспекциски надзор над примената на овој Закон и на прописите донесени врз основа на овој Закон врши Државниот инспекторат за животна средина, и овластени инспектори за животна средина на општините, односно овластени инспектори за животна средина на општините во градот Скопје – овластен инспектор за животна средина и Државниот управен инспекторат.

Државен инспекторат за животна средина

Член 64

(1) Во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него, ќе се применуваат одредбите од овој закон, Законот за инспекциски надзор и Законот за инспекциски надзор во животната средина.

(2) Инспекцискиот надзор се врши над постапките за донесување и спроведување на просторните планови од овој закон во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и во аналогна односно хартиена форма.

(3) Работите на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него го врши Државниот инспекторат за животна средина (во понатамошниот текст: инспекторат).

(4) Работите на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него, инспекторатот ги врши преку државни инспектори за животна средина (во понатамошниот текст: државни инспектори).

2. Предмет на инспекцискиот надзор

Член 65

(1) Државниот инспектор проверува дали постапките за изработување, донесување и спроведување на просторните планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него, дали органите на државната управа, агенциите, управите, правните лица со јавни овластувања за вршење на работи што се релевантни за изработката, донесувањето и спроведувањето на просторните планови, правните и физичките лица со лиценца односно овластување за вршење на работи во процесот на изработување, донесување и спроведување на просторни планови, постапувале согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и дали условите за планирање на просторот се изработени согласно одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него.

(2) Во вршењето на инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член, државниот инспектор особено проверува дали се постапува согласно:

1. целите, начелата на планирање на просторот од членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 од 12 од овој закон;

2. општите правила и принципи за уредување и користење на просторот од член 13 од овој закон

3. правилата за чување на просторните планови од член 29 од овој закон

4. достапноста со просторните планови од член 31 од овој закон

5. фазите на изработка и донесување на просторните планови од членот 42 до членот 48 од овој закон;

6. планскиот период и роковите пропишани во врска со него од членот 49 од овој закон;

7. донесување на програмите за спроведување на просторните планови на држава, заштитени подрачја и региони од член 58 од овој закон

8. изготвување и доставување на годишен извештај за состојбите и промените во просторот од член 62 од овој закон.

3. Решение на инспекторатот

Член 66

(1) Инспекциски надзор на постапките за изработувањето, донесувањето и спроведувањето на просторните планови се врши по службена должност, врз основа на увид и распоред на инспекторатот или врз основа на предлог за вршење на инспекциски надзор поднесен од страна на државен орган, општина, општина во градот Скопје и градот Скопје, како и од секое заинтересирано правно и физичко лице.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, органите на државната управа, агенциите и управите, правните лица со надлежности и јавни овластувања за вршење на работи во врска со изработката, донесувањето и спроведувањето на просторни планови, како и правните и физичките лица со лиценца односно овластување за вршење на стручни работи во процесот на изработување, донесување и спроведување на просторни планови, се должни на инспекторот да му овозможат пристап до службените простории и да му ги достават сите побарани податоци и документи во побараниот рок.

(3) За извршениот надзор, инспекторот изработува записник за констатирана состојба и доколку утврди определени неправилности или незаконитости во предметот на инспекцијата, должен е да донесе решение со кое ќе го задолжи субјектот кој е предмет на инспекцискиот надзор од ставот (2) на овој член да ја отстрани неправилноста или незаконитоста и во кој рок, односно да постапи согласно одредбите од овој закон.

(4) Против решението на инспекторот од ставот (3) на овој член, може да се поднесе жалба до надлежниот орган кој одлучува во втор степен.

(5) Непостапување по решението на инспекторот од ставот (3) од овој член се смета за тешка повреда на службената должност на одговорното лице на субјектот од ставот (2) на овој член, а инспекторот е должен правното лице и овластеното лице од одговорното лице во правното лице, да ги задолжи на извршување на решението со изрекување на парична казна во висина од 300 евра во денарска противвредност за овластеното лице од одговорното лице во правното лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правното лице.

(6) Доколку решението од ставот (3) стане правосилно, а со инспекцискиот надзор било утврдено дека се повредени одредбите на овој закон со дело за кое според законот е утврдена кривична или прекршочна квалификација, инспекторот е должен да поднесе кривична или прекршочна пријава до надлежните органи.

## 4. Инспекциски надзор на спроведувањето на просторните планови

### Член 67

(1) Доколку при вршењето на инспекциски надзор на постапките за спроведување на просторните планови од членовите 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон, инспекторот со записник за констатираната состојба утврди прекршување на одредбите од овој закон во предметот на инспекцијата, должен е да донесе решение со кое ќе го поништи актот со содржина спротивна на одредбите на овој закон или кој е воден по постапка спротивна на овој закон и прописите донесени врз основа на него.

(2) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба до надлежниот орган кој одлучува во втор степен.

(3) Доколку решението за поништување од ставот (1) на овој член стане правосилно, инспекторот е должен да ги извести градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и Град Скопје, органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на планирање на просторот, со укажување за прекршувањето на законот и прописите донесени врз основа на него.

## 5. Надзор над законитоста на работата на органите на општината, општините во град Скопје и град Скопје

### Член 68

(1) Надзорот над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и органите на градот Скопје во процесот на изработување, донесување и спроведување на просторни планови го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на планирање на просторот.

(2) Надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него опфаќа:

1. законитоста на содржината на просторните планови;

2. исполнувањето на стандардите и нормативите од областа на просторното планирање пропишани со овој закон;

3. законитоста на постапките во изработување, донесување и спроведување на просторните планови и

4. законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје согласно овој закон.

(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на планирање на просторот надзорот на работите од ставот (2) на овој член, го врши со увид во предметот преку информацискиот систем е-урбанизам и преку увид во документацијата.

(4) При вршењето на надзорот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на планирање на просторот ги врши и следниве работи:

1. дава препораки и укажувања за доследно спроведување на надлежностите на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје за работите кои се предмет на надзорот;

2. кажува на органите на општините, општините во градот Скопје и органите на градот Скопје на пречекорување на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис донесен врз основа на овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;

3. укажува на одредени материјални и процедурални недостатоци во работата на општините, општините во градот Скопје и органите на градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон, а кои се од јавен интерес;

4. поднесува иницијативи и предлози до органите на општините, општините во градот Скопје, на органите на градот Скопје, доколку констатира неспроведување на овој закон и

5. до надлежниот инспектор од членот 83 од овој закон, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка против органите и субјектите со јавни овластувања, правни и физички лица учесници во процесот на изработување, донесување и спроведување на просторните планови кои работеле спротивно на одредбите на овој закон.

## VII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### 1. Прекршоци на правни и физички лица што вршат изработување и ревизија на просторни планови

Член 69

(1) Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на изработувач на просторен план спротивно на одредбите од овој закон, односно ако:

1. изработи просторен план што има содржина која не е во согласност со член 24, 25, 26 од овој закон, односно која отстапува или е спротивна на поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на просторни планови што е пропишана во член 23 од овој закон;

2. изработи стручна ревизија спротивно на начинот и содржината што се уредени во член 51 од овој закон;

3. не го обезбеди функционирањето на инспекцискиот надзор, односно соработката со инспекторот како што е пропишано во овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице односно на овластеното лице од одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице од став (1) на овој член, кое со постапување што не е во согласност со законот или со непостапување односно невршење со закон пропишаните надлежности, должности или облигации ја попречува, отежнува или успорува постапката за изработување и донесување на просторни планови.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице односно на овластеното лице од одговорното лице во правното лице.

## 2. Надлежни органи и водење на прекршочна постапка

### Член 70

(1) За прекршоците и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од Законот за прекршоците.

(2) Надлежен орган за спроведување на прекршочната постапка за прекршоците утврдени со овој закон е надлежен суд.

(3) Кога надлежните инспектори од членот 83 од овој закон, ќе утврдат дека е сторен прекршок предвиден со овој закон, ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(4) Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, ќе се спроведе постапка за порамнување. Доколку сторителот го признае прекршокот, надлежните инспектори од членот 83 од овој закон, ќе му издадат на сторителот прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на прекршочниот платен налог сторителот на прекршокот се смета дека се согласува да ја плати предвидената глоба.

(5) Сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, означена во прекршочниот платен налог. Сторителот ќе плати само половина од изречената глоба доколку плаќањето го изврши во рокот од осум дена.

(6) Ако сторителот на прекршокот од ставот (4) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (5) на овој член, надлежните инспектори од членот 84 од овој закон, ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(7) Надлежните инспектори од членот 83 од овој закон, се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(8) Во евиденцијата од ставот (7) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(9) Личните податоци од ставот (8) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(10) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на планирање на просторот.

(11) Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 71

Условите за просторно планирање утврдени согласно со прописите кои важеле пред влегувањето во сила на овој закон остануваат во сила се додека не се направат измени на просторните планови или други документи врз основа на кои се утврдени, најмногу до две години.

### Завршни одредби

**Член 72**

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон,

(2) До донесувањето на подзаконските акти од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните подзаконски акти.

**Член 73**

Со денот на отпочнување на примена на овој закон, престанува да важат одредбите од членот 10 став (1) точките 1, 3, 4 и 5 од Закон за урабанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) .

**Член 74**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила.